Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Р.Македонија" бр. 53/05; 81/05; 24/07; 159/08; 83/09; 48/10; 124/10; 51/11; 123/12; 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и „Службен весник на Р.С.Македонија" бр 89/22 и 171/22), **Општина Штип,** на ден 24.02.2025 година, донесе

**Одлука за неспроведување на стратегиска оцена**

1. За планската документација на Деталниот урбанистички план за урбана четврт СЗ 10.01 со намена А, Б и В, од ГУП на град Штип, Општина Штип, кој се носи согласно Генералниот урбанистички план на Град Штип за 2014-2029 (одлука бр. 08-7987/1 од 31.12.2022 год.) и важечки урбанистички план надвор од предметниот опфат е ДУП за банско лечилиште, спортско рекреативен туристички центар "Кежовица", донесен со Одлука бр. 0805-374/1 од 09.03.1989 година, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на www.stip.gov.mk.

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на Одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена, донесувањето на планската документација на Деталниот урбанистички план за урбана четврт СЗ 10.01 со намена А, Б и В, од ГУП на град Штип, Општина Штип, нема да има влијание врз животната средина од следните причини: Активностите во оваа област ќе се насочат кон обезбедување на просторна функционална и обликувана целина на објекти и инфраструктура, односно како основна цел ги има зацртано насоките на идниот просторен развој со создавање услови за планирање на организираните простори со намени предвидени и зададени со Генералниот урбанистички план на Град Штип за 2014-2029 (одлука бр. 08-7987/1 од 31.12.2022 год). и ДУП. Со изработка на Деталниот урбанистички план треба да се овозможи планско решение за планираните градежни парцели, нивната функционалност, капацитетот и максимално користење на просторот од сите аспекти. Во границите на планскиот опфат како подрачје наменето за градење се предвидени градби од класата А – градби за домување и престој на луѓе, Б-комерцијални и деловни намени и В-јавни дејности и институции како и класи кои се компатибилни на основните класи. Со правилно планирање, проектирање и добра анализа на влијанијата, предвидената активност во својата оперативна фаза нема да преставува значителен товар врз животната средина.Во границите на планскиот опфат не постојат објекти кои би влијаеле на загрозувањето на животната средина.

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање преку Одделение за урбанизам, градежништво, станбени работи и заштита на животна средина при Општина Штип во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр.18/24-282
Штип
м-р СТ

Градоначалник
на Општина Штип
Иван Јорданов